Предлагачи: Група пратеници

# П Р Е Д Л О Г - З А К О Н
# ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА
# ЗАКОНОТ ЗА МИНЕРАЛНИ СУРОВИНИ,
# ПО СКРАТЕНА ПОСТАПКА

Скопје, февруари 2025година

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - Скопје
KUVENDI I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT - Shkup

| Примено: E pranuar: | 12. 02. 2025 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Njësia. Org. | Број Numër | Прилог Shtojce | Вредност Vlerë |
| 08 | 88811 | | |

ДО
ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОБРАНИЕТО НА
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 71 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија и членовите 139, 144 и 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, Ви поднесуваме Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за минерални суровини, по скратена постапка.

ПРАТЕНИЦИ:

Моника Трајчанова
Драгана Арсова
Бојан Стојаноски
Емил Спасовски

ВОВЕД

I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Условите и начинот на вршење на геолошките истражувања и експлоатацијата на минерални суровини, наплатата на концесиските надоместоци, надзорот, како и казнените одредби уредени се со Законот за минерални суровини („Службен весник на Република Македонија" бр.136/12, 25/13, 93/13, 44/14, 160/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16, 120/16, 189/16 и 7/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.99/22, 129/23, 253/23 и 147/24).

Потребата од дополнување на одредбата од постојниот закон произлегува од практичната примена на законот која директно се однесуваат на начинот на распределба на концесискиот надоместок за експлоатирана количина на минерална суровина. Имено со предложената одредба се дополнува членот кој се однесува на утврдување на висината и начинот на плаќање на надоместоците во случај кога експлоатираната количина на минерална суровина кој се преработува и/или се одлага јаловината од преработката на територија на друга општина од општината на чија територија се врши концесиската дејност, во тој случај Владата со одлука ќе го распредели концесискиот надоместок за експлоатирана количина на минерална суровина помеѓу општината на која се врши концесиската дејност и општините на чија територија се преработува и одлага јаловината од преработката на минералната суровина.

Со регулирање на оваа област со предметното дополнување на законот ќе се уреди одредбата која во досегашната примена покажа потреба од нејзино допрецизирање и создавање на правен основ за распределбата на концесискиот надоместок за експлоатирана количина на минерална суровина, предмет на концесија која ја плаќа концесионерот кој со одлука го определува Владата.

II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА

Целта на Предлог - законот е дополнување на одредба од Законот за минерални суровини („Службен весник на Република Македонија" бр.136/12, 25/13, 93/13, 44/14, 160/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16, 120/16, 189/16 и 7/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.99/22, 129/23, 253/23 и 147/24) е менување на начинот на распределба на концесискиот надоместок за експлоатирана количина на минералната суровина во случај кога истата се преработува и/или се одлага јаловината од преработката на територија на друга општина од општината на чија територија се врши концесиската дејност, односно во тој случај Владата со одлука ќе го распредели концесискиот надоместок за експлоатирана количина на минерална суровина помеѓу општината на која се врши концесиската дејност и општините на чија територија се преработува и одлага јаловината од преработката на минералната суровина.

Изменувањето и дополнувањето на Законот, чие донесување се предлага се заснова на истите начела на кои се засновна Законот за минерални суровини ("Службен весник на Република Македонија" бр.136/12, 25/13, 93/13, 44/14, 160/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16, 120/16, 189/16 и 7/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.99/22, 129/23, 253/23 и 147/24).

III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГ - ЗАКОНОТ ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Предложеното изменување и дополнување на Законот за минерални суровини не предизвикува финансиски последици врз Буџетот на Република Северна Македонија и другите јавни финансиски средства.

IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ И НАЧИНОТ НА НИВНОТО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

Предложеното изменување и дополнување на Законот за миниралнии суровини не предвидува дополнителни фискални импликации по Буџетот на Република Северна Македонија.

V. СКРАТЕНА ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Согласно член 175 алинеја 1 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, имајќи во предвид дека не се работи за сложен и обемен закон, се предлага Собранието да расправа по Предлог на законот за изменување и дополнување на Законот за минерални суровини по скратена постапка.

ПРЕДЛОГ - ЗАКОН
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА МИНЕРАЛНИ СУРОВИНИ

Член 1

Во Законот за минерални суровини („Службен весник на Република Македонија” бр. 136/12, 25/13, 93/13, 44/14, 160/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16, 120/16, 189/16 и 7/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 99/22, 129/23, 253/23 и 147/24), во член 76 по ставот (6) се додава нов став (7), кој гласи:

„(7) Во случај кога минералната суровина се преработува и/или се одлага јаловината од преработката на територијата на друга општина, од општината на чија територија се врши концесиската дејност, концесискиот надоместок од членот 75 став (1) алинеја 2 од овој закон Владата со одлука го распределува помеѓу општината на која се врши концесиската дејност и општините на чија територија се преработува и одлага јаловината од преработката на минералната суровина.“.

Ставовите (7), (8), (9) и (10) стануваат ставови (8), (9), (10) и (11).

Член 2

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

## I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ ОД ПРЕДЛОГ - ЗАКОНОТ

Предлог - законот за изменување и дополнување на Законот за минерални суровини содржи 2 члена.

Со членот 1 се дополнува членот 76 од Законот во насока на доуредување на начинот на распределба на концесискиот надоместок за експлоатирана количина на минерална суровина во случај кога истата се преработува и/или се одлага јаловината од преработката на територија на друга општина од општината на чија територија се врши концесиската дејност, односно во тој случај Владата со одлука ќе го распредели концесискиот надоместок за експлоатирана количина на минерална суровина помеѓу општината на која се врши концесиската дејност и општините на чија територија се преработува и одлага јаловината од преработката на минералната суровина.

Со членот 2 од овој закон се уредува денот на влегување во сила на законот

## II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Предложените одредби се меѓусебно поврзани, чинат правна целина и со нив се овозможува непречено вршење на дејностите од областа на минералните суровини.

## III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Со изменувањето и дополнувањето на Законот за минерални суровини се менува начинот на распределба на концесискиот надоместок за експлоатирана количина на минерална суровина во случај кога истата се преработува и/или се одлага јаловината од преработката на територија на друга општина, од општината на чија територија се врши концесиската дејност, при што Владата со одлука ќе го распредели концесискиот надоместок за експлоатирана количина на минерална суровина помеѓу општината на која се врши концесиската дејност и општините на чија територија се преработува и одлага јаловината од преработката на минералната суровина.

ТЕКСТ НА ОДРЕДБАТА ОД ЗАКОНОТ ЗА МИНЕРАЛНИ СУРОВИНИ КОЈА СЕ МЕНУВА И ДОПОЛНУВА

**Член 76**
**Утврдување на висина и начин на плаќање на надоместоците**

(1) Владата на предлог на министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на минералните суровини, донесува тарифник во кој ги утврдува висината на надоместоците за издавање на дозволи, концесии за детални геолошки истражувања и концесии за експлоатација на минерални суровини, а во зависност од видот, количината, квалитетот и начинот на преработка на минералната суровина.

(2) Тарифникот од ставот (1) на овој член, како и евентуалните изменувања и дополнувања на истиот ќе се применуваат од 1 јануари во тековната година, а сметано за тековната година.

(3) Средствата од ставот (1) на овој член се уплатуваат на соодветна уплатна сметка во рамките на трезорската сметка.

(4) Уплатените средства од ставовите (1) и (2) на овој член се:
- 22% приход на Буџетот на Република Северна Македонија и
- 78% приход на буџетот на општината на чие подрачје се врши концесиската дејност, кои треба да бидат наменети за вршење на општествени или комунални дејности од интерес за општините или Градот Скопје.

(5) Средствата кои согласно со ставот (4) алинеја 1 на овој член се приход на Буџетот на Република Северна Македонија во висина од 4% ќе се користат за рекултивација и враќање во корисна состојба на деградираните простори на кои се вршени геолошки истражувања и/или експлоатација на минерални суровини.

(6) Во случај кога концесиската дејност се врши на подрачје на повеќе општини, средствата од ставот (4) алинеја 2 на овој член сразмерно се распределуваат на општините, а во зависност од големината на просторот на кој е доделена концесијата.

(7) При спроведувањето на постапка за доделување на концесии за детални геолошки истражувања на минерални суровини на јавен повик, како почетна минимална цена утврдена од концедентот ќе се смета висината на надоместоците за детални геолошки истражувања на минерални суровини утврдени со тарифникот од ставот (1) на овој член.

(8) При спроведувањето на постапка за доделување на концесии за експлоатација на минерални суровини со јавен повик, како почетна минимална цена утврдена од концедентот ќе се смета висината на надоместоците за користење на просторот на кој се предлага доделување на концесија за експлоатација на минерални суровини утврдени со тарифникот од ставот (1) на овој член.

(9) Освен почетна минимална цена, согласно со ставовите (5) и (6) на овој член, Владата може да утврди и повисока или пониска минимална цена, а во зависност од локалитетот и видот на минералната суровина.

(10) При спроведувањето на постапка за доделување на концесии за детални геолошки истражувања или експлоатација на минерални суровини на јавен повик, понудувачите мора да приложат гаранцијата за учество во постапката која не може да биде помала од 10% од вредноста утврдена во понудата.